ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

„ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“-ПРИЛЕП

# С Т А Т У Т

## (Пречистен текст)

ЈКП,,Водовод и канализација"-Прилеп
Бр.01-612/1-2
24.11.2016 година
Прилеп

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за Јавните претпријатија на РСМ (Сл. Весник на РСМ.бр.38/96,6/02,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12 и 119/13) и одредбите на Законот за Комуналните дејности (Сл.весник на РМ бр.95/2012 И бр.163/2013),Управниот одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Водовод и канализација,"-Прилеп,на седницата одржана на ден 24.11.2016 година ,донесе

**СТАТУТ**
**на Јавното комунално претпријатие,,Водовод и канализација,,Прилеп**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредуваат: организацијата, управувањето и раководењето со Претпријатието, дејноста, општите акти и постапки за нивно донесување, како и други прашања од значење за Претпријатието.

Член 2

Јавното комунално претпријатие се основа заради вршење на комунални дејности од јавен интерес - собирање, обработка и снабдуваwе со вода за пиење, одржување и реконструкција на водоводната мрежа, отстрануваже на одпадни води, одржување и реконструкција на фекална и атмосферска канализациона мрежа и други дејности согласно со Закон.

Член3

Во извршувањето на дејностите од јавен интерес, треба да се почитуваат следните принципи: сигурност во давањето на услугите ,континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите

Член 4

Претпријатието има својство на правно лице.
Својството на правно лице го стекнува од денот на уписот во трговскиот регистар.
Претпријатието како правно лице може де стекнува право на подвижни и недвижни предмети, да стекнува права и да презема обврски.
Претпријатието одговара за превземените обврски со сиот свој имот.

## II.ОСНОВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 5

Основач на Претпријатието е Општина Прилеп, и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од законите и другите прописи.
Во име на Основачот, Претпријатието го основа Советот на Општина Прилеп.
Претпријатието е основано со издвојување на РЕ,,Водовод и канализација,, од составот на ЈКП,,Комуналец,,Прилеп,(Одлука број 02-675/1 од 12.12.2003 година на Управниот одбор на ЈКП ,,Комуналец,,Прилеп и Одлука број 07-1649/1 од 16.12.2003 година на Советот на Општина Прилеп, за основање на Јавно комунално претпријатие ,,Водовод и канализација,,Прилеп.

## III.ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 6

Фирмата е името под кое работи Претпријатието.
Полното име на фирмата гласи :
**Јавно комунално претпријатие ,,Водовод и канализација"-Прилеп.**
Скратеното име на фирмата гласи : **ЈКП ,,Водовод и канализација"-Прилеп.**

Член 7

Седиштето на фирмата е во Прилеп, на улица ,,Александар Македонски" бр.559
За промената на фирмата и седиштето на Претпријатието одлучува Управниот одбор на Претпријатието по претходна согласност на основачот.

## IV.ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И ЗАШТИТЕН ЗНАК-АМБЛЕМ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 8

Претпријатието има печат, штембил и заштитен знак-амблем.
Печатот е во форма на круг, со пречник од 3см. во кој на македонски јазик и неговото кирилско писмо е впишан текстот: Јавно комунално претпријатие ,,Водовод и канализација"-,Прилеп.

Член 9

Штембилот на претпријатието има форма на правоаголник со големина на 5х2.5см. во која хоризонтално на македонски јазик и неговото кирилско писмо е испишано скратеното име и седиштето на Претпријатието, а помеѓу името и седиштето се остава празен простор за впишување број на актот и датумот на неговото издавање.

Член 10

Заштитниот знак-амблем има стандардна форма, во која симболично е претставена дејноста на Претпријатието.
Заштитниот знак-амблем е уникатно уметничко дело, кој не смее да се преправа и да се користи во друг фонт.
Заштитниот знак-амблем, се употребува на меморандумот, рекламите и другиот пропаганден материал и на други места по потреба.

**СЛИКА**

Член 11

Бројот на печатите и штембилите на Претпријатието, начинот на нивна употреба, чување и уништување ја одредува Директорот на Претпријатието со одлука,согласно закон. За употреба и чување на печатот на Претпријатието е одговорно лицето кое ќе го овласти Директорот.

## V.ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 12

Во рамките на своите овластувања, Претпријатието го застапува и претставува Директорот на Претпријатието.
Директорот на Претпријатието може преку писмено полномошно да овласти друго лице да го застапува и претставува Претпријатието.
Содржината и обемот на овластувањето од став 2 на овој член го определува Директорот на Претпријатието.

## VI.ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 13

Претпријатието во рамките на својот делокруг на работа ги врши следните дејности:
**Приоритетна дејност:**
- 36.00 - собирање, обработка и снабдување со вода;

**Покрај приоритетната дејност претпријатието обавува и други дејности:**
-37.00 - отстранувawe на отпадни води ;
-71.12 -инжинерство и со него поврзано техничко советување;
-42.21 - изградба на комунални објекти за течности ;
-42.91 - изградба на хидроградежни објекти;

-43.22 - поставување на инсталации за водовод, канализација и плин, инсталации за греење и клима уреди.

Член 14

Претпријатието без упис во трговскиот регистар во помал обем ќе врши и други дејности кои ќе служат на дејностите што се запишани во трговскиот регистар, а кои што вообичаено се вршат кон тие дејности или придонесуваат за целосно искористување на капацитетите и материјалите што се употребуваат за вршење на запишаните дејности.

Член 15

Претпријатието може да ги промени дејностите со:
-проширување на дејноста;
-воведување на нови дејности;
-бришење на одделни дејности
За промена на дејностите одлучува Управниот одбор на Претпријатието, по претходна согласност на основачот.

Член 16

Претпријатието дејноста од јавен интерес е должно да ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна, во согласност со Закон, овој Статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејностите од јавен интерес.
Претпријатието е должно да обезбеди јавност и транспарентност во финансиските односи во своето материјално-финансиско работење, согласно Закон, овој Статут и меѓународните финансиски стандарди за јавен сектор.

Член 17

Претпријатието, водењето на сметководството, подготвувањето и поднесувањето на годишната сметка и финансиските извештаи го врши во согласност со Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни сметководствени стандарди за финансиско известување.
Водењето на деловните книги и нивното чување, чувањето на сметководствените документи како и на годишните сметки и финансиски извештаи се врши согласно со одредбите од Законот за трговски друштва, кои се однесуваат на водење на трговските книги.

VII.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 18

Претпријатието се организира така што дејноста, заради која е основано, да ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техничко-технолошко и економско единство на системот;
2. Ефикасност и транспарентност во работењето;
3. Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;
4. Заштита и унапредување од општ интерес;
5. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и
6. Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот

Член 19

Претпријатието се организира во сектори и одделенија.
Внатрешната организација на процесот на работа на Претпријатието, секторите и одделенијата ќе се уреди со Правилникот за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места во Претпријатието, кој на предлог од Директорот го донесува Управниот одбор.

Член 20

Основањето на нови организациони единици (сектори,одделенија и сл.) ,спојување, укинување или поделба на постојните се врши со измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работата и систематизацијата на работните места во Претпријатието, во согласност со програмата за работа и потребите за извршување на дејноста на Претпријатието.

VIII.ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 21

Органи на Претпријатието се:

- Управен одбор
- Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење
- Директор

УПРАВЕН ОДБОР

Член 22

Управниот одбор на Претпријатието се состои од 7 члена, кои ги именува и разрешува основачот.

Во Управниот одбор основачот именува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на Претпријатието, имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолг од четири години.

Член 23

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател. Претседателот на Управниот одбор ги свикува седниците, се грижи за извршување на актите на Управниот одбор и врши други работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот одбор.

Член 24

Управниот одбор на Претпријатието ги има сите овластувања да превзема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на Претпријатието во согласност со законот,

Управниот одбор на Претпријатието:

1. Го донесува Статутот на Претпријатието;
2. Ја усвојува Програмата за работа и развој на Претпријатието;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ја усвојува Годишната сметка и извештајот за работењето на Претпријатието;
5. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на Претпријатието и покривање на загубите;
6. Го донесува финансискиот план на Претпријатието;
7. Ги донесува програмата и одлуките за инвестиции;
8. Ги утврдува цените на производите и услугите;
9. Донесува Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите во Претпријатието
10. Одлучува за внатрешната организација на Претпријатието;
11. Го донесува Правилникот за Внатрешна организација на работата и систематизацијата на работните места во Претпријатието;
12. Го утврдува текстот на Колективниот договор на Претпријатието и одредува потписник;
13. Одлучува за службени патувања во странство за Директорот на Претпријатието;
14. Донесува одлуки и мерки за заштита и унапредување на животната средина;
15. Се грижи за информирање на вработените;
16. Го донесува Деловникот за работа;
17. Одлучува во втор степен по приговорите и барањата за заштита на правата на работниците;
18. Формира комисии и именува членови во истите (постојани и повремени);
19. Врши други работи утврдени со закон, овој Статут, Одлуките на Советот на Општината и другите акти на Претпријатието

Член 25

Управниот одбор работи на седници.
Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половина членови на Управниот одбор.
Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половина од сите членови на Управниот одбор.
Секој член на Управниот одбор при гласање има еден 1 (еден) глас.
Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор се уредува со Деловодникот за работа на Управниот одбор.

Член 26

За вршење на својата функција членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок. Висината на надоместокот го утврдува Управниот одбор на предлог од основачот.

НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 27

За вршење контрола на материјално-финансиското работење на Претпријатието се формира Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст : Надзорен одбор) од пет члена.
Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.
Членовите на Надзорниот одбор од ставот 1 на овој член ги менува, односно разрешува основачот.
За членови на Надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование, кои поседуваат знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

Член 28

Заради вршење на работите на контрола Надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на Претпријатието.
Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на претпријатието да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.
Членовите на Надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.

Член 29

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на Претпријатието и по прегледувањето му се дава мислење на Управниот одбор.
Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето на Претпријатието, ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор за контрола.

Член 30

Надзорниот одбор својата работа ја врши согласно надлежностите утврдени во закон и овој Статут.
Наздорниот одбор задололжително се состанува најмалку четири пати годишно.
За вршење на својата функција членовите на Надзорниот одбор имаат право на надомест.
Висината на надоместокот го определува Управниот одбор по предлог на основачот.

ДИРЕКТОР

Член 31

Со работата на Претпријатието , раководи Директорот што го избира, односно разрешува Градоначалникот на Општината.
Изборот се врши врз основа на јавен конкурс.
Директорот се избира со мандат од четири години.
За Директор на Претпријатието може да се избере лице кое покрај општите услови утврдени со Закон, треба да ги исполнува следните посебни услови:
Да има Висока стручна подготовка -VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС;
Да има работно искуство од 6 години во струката.

Член 32

Директорот на Претпријатието во рамките на своите права и обврски ги има следните задачи:

1. Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор.
2. Учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој и дава предлог за измена и дополнуваwe на истата:
3. Учествуваат во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употреба на средства остварени со работењето на Претпријатието;
4. Врши усогласување на деловната активност на Претпријатието;
5. Го застапува и претставува Претпријатието;
6. Поднесува Извештај за резултатите од работењето на Претпријатието на Управниот одбор;

7. Ги именува и разрешува раководните работници во Претпријатието;
8. Предлага акт за внатрешна организација и систематизација на работните места со работни задачи, услови и вреднување на истите;
9. Одлучува за прием и распоредување на работници во Претпријатието;
10. Во согласност со законот, колективен договор и актите на Претпријатието одлучува за остварување одредени поединечни права, обврски и одговорности на работниците;
11. Донесува одлука за откажување на договор за вработување-отказ и за изрекување на парична казна и изрекува други дисциплински мерки за кои е овластен со закон и колективен договор на Претпријатието;
12. Одлучува за службени патувања во земјата и странство за вработените во Претпријатието;
13. Ги предлага актите кои ги донесува Управниот одбор;
14. Се грижи за остварување на обврските на Претпријатието од одбраната согласно закон;
15. Го организира информирањето на работниците;
16. Склучува договори за реализација на програмите за потребите од тековното работење на Претпријатието;
17. Издава полномошно за застапување на Претпријатието;
18. Издава налози, упатства и наредби со кои се обезбедува работењето на Претпријатието;
19. Формира комисии од негова надлежност;
20. Врши други извршни работи во врска со работата и работењето на Претпријатието утврдени со законите, статаутот и актите на Претпријатието.

Член 33

Директорот е должен на секои шест месеци да доставува Извештај за работата на Претпријатието до Управниот одбор, односно Градоначалникот на Општината.
Во извештајот од став 1 од овој член Директорот е должен особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на Претпријатието, како и податоци за финансиското работење.
Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци и/или загуби во финансиското работење, Директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеци.

Член 34

Директорот склучува договор со Градоначалникот на Општината, за уредување на односите со Претпријатието, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.
Директорот на Претпријатието, за својата работа одговара пред Градоначалникот на Општината.

Член 35

Директорот во име на Претпријатието е овластен да склучува договори и да превзема други правни работи, како и да го застапува Претпријатието пред судовите и другите органи.
Директорот склучува договори и спогодби кои се однесуваат на реализација на инвестиционите вложувања предвидени со инвестиционата програма и програмата за развој.

Член 36

Директорот на Претпријатието може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на Претпријатието.
Вработеното лице го заменува Директорот на Претпријатието во негово отсуство или спреченост да ја врши функцијата, со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот, согласно закон и овој статут.

Член 37

За одредени работи и работни задолженија Директорот може да издава полномошно во писмена форма на други вработени стручни лица , а особено заради застапување пред судовите и другите органи.
Полномошното се издава во писмена форма, а може де се однесува за поединечни правни работи или одредени видови групи на правни работи.
Полномошникот го застапува Претпријатието само во границите на овластувањата дадени во полномошното.

Член 38

Директорот на Претпријатието се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- На негово барање,
- Ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон,
- Ако не работи и постапува спротивно на закон, статутот и актите на Претпријатието или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив,
- Ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на Претпријатието,
- Ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на Претпријатието,
- Ако не достави извештај согласно со членот 33 од Статутот и

- Ако и по истекот на рокот определен во членот 33 од Статутот, не ги оттсрани недостатоците или и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење.

Член 39

Функцијата претседател и член на Управниот одбор, Надзорниот одбор и Директорот на Претпријатието е неспоива со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија и функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија ,како и член на Советот и Градоначалник на Општината.

Член 40

Член на Управниот одбор, член на Надзорниот одбор и Директорот на Претпријатието не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во Претпријатието или трговско друштво кое е во деловни односи со Претпријатието, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во Претпријатието.
Секој член на Управен одбор, односно Директорот на Претпријатието, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Член 41

Претпријатието не може на претседателот или на член на Управен одбор, на претседателот или на член на Надзорниот одбор или на Директорот на Претпријатието да им дава заеми или гаранции на заеми кои ги склучиле со трети лица.

Член 42

Директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор, ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на Претпријатието, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.
Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

РАКОВОДНИ РАБОТНИЦИ

Член 43

Раководни работници се работници со посебни овластувања и одговорности.
Раководни работници ги именува и разрешува Директорот на Претпријатието.

Раководни работници ја водат и организираат работата во рамките на добиените овластувања и ги спроведуваат налозите, упатствата и наредбите на Директорот на Претпријатието.
Раководни работници се одговорни за резултатите и законитоста на работењето на организационата единица со која раководат.
Условите за избор, овластувањата и одговорностите како и описот на работните обврски на раководните работници се утврдени во Правилникот за внатрешна организација на Претпријатието и систематизација на работните места.

Член 44

Како раководни работници во претпријатието се утврдуваат:

- Технички директор;
- Раководител на сектор;
- Раководител на одделение

ПОМОШНИ ОРГАНИ

Член 45

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во Претпријатието, Управниот одбор и Директорот формираат комисии составени од стручни работници на Претпријатието.
Комисии можат да се формираат и за разгледување, одлучување и предлагање на соодветни решенија за определени прашања.
Бројот, составот и начинот на работа на комисијата се определува со решението за формирање и именување на членови.

IX.ОПШТИ АКТИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 46

Општи акти на Претпријатието се:

- Статут;
- Колективен договор;
- Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во Претпријатието;
- Правила за работен ред и дисциплина;
- И други општи акти кои се донесуваат согласно закон

Член 47

Општите акти ги предлага Директорот, а ги донесува Управниот одбор на Претпријатието.
Општите акти мора да бидат во согласност со важечките Закони и Статутот на Претпријатието.
Толкување на општите акти дава орган кој го донел.

Член 48

Постапката за донесување, измена и дополнување на општите акти се покренува со иницијатива од Директорот, Управниот одбор, Надзоорниот одбор и мнозинскиот синдикат.
Оправданоста на покренатата иницијатива од став 1 на овој член ја цени Директорот односно Управниот одбор на Претпријатието.

Член 49

По прифатената иницијатива, стручната служба во рок од 30 дена го подготвува работниот текст на општиот акт.
Општите акти се објавуваат на огласна табла во Претпријатието и стапуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, доколку е потребна согласност од основачот, општиот акт ќе се применува по добивањето на согласност.

X.РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 50

Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми.
Развојни планови за вршење на комуналните дејности се донесуваат за период од три години од страна на Советот на Општината.
Општината обезбедува услови за организирано и трајно вршење на комуналните дејности и нивниот развој.

Член 51

За позитивното работење и развој на Претпријатието, односно за обезбедување на трајно и континуирано вршење на дејноста, квалитет на услугите и зголемување на успешноста во работењето ,Управниот одбор, врз основа на развојните планови, на предлог од Директорот, донесува годишна програма и развој на Претпријатието, до крајот на тековната година за наредната година.
Советот на Општината дава согласност на Програмата за работа и развој.
За реализација на Програмата за развој е одговорен Директорот.

Член 52

Имотот на Претпријатието го сочинуваат сите објекти, средста, пари и права.
Претпријатието работи со онолку жиро сметки колку што му се потребни за остварување на неговите функции.

Член 53

Средствата за работа и развој на Претпријатието се обезбедуваат од:

- Приходи кои ги остварува Претпријатието со сопственото работење;
- Средства од Буџет на Општината, во согласност со закон;
- Средства обезбедени од самопридонес;
- Средства обезбедени од донации, кредити и други извори определени со закон

Член 54

Претпријатието има обврска да достави тримесечни извештаи до основачот кои ќе содржат показатели за финансиското работење.

Член 55

Основачот, вишокот на средства остварени од работењето на Претпријатието ги вложува во Претпријатието врз основа на детални финансиски планови.
Претпријатието е должно годишно да изработува детални финансиски Планови кои ќе ги содржат сите приходи и расходи на Претпријатието, инвестициите со динамиката на нивно реализирање.

Член 56

Основачот на Претпријатието дава согласност на:

1. Статутот на Претпријатието
2. Статусни промени
3. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на Претпријатието и покривањето на загубите;
4. Актот за задолжување на Претпријатието;
5. Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што Претпријатието ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело.
6. Годишната сметка и извештајот за работењето на Претпријатието и
7. Годишната Инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој.
8. Одлуката за утврдување на висина на вредноста на бодот за пресметување на платите во Претпријатието

## XI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 57

Работата на Претпријатието е јавна.
Претпријатието го остварува и развива системот на информирање на корисниците на услугите како битна претпоставка за својата функција на комуналната дејност.
Јавноста во работата на Претпријатието се обезбедува со:

- Поднесување на извештај за работата до Управниот одбор на Претпријатието и до основачот-Советот на Општината;
- Давање на известување преку средствата за јавно информирање во врска со тековното извршување на работите;
- Одржување на прес конференции;
- Објавување на информации на веб страницата на Претпријатието
- Податоци за јавноста во врска со работата на Претпријатието може да дава Директорот или по овластување на Директорот, друго лице во Претпријатието

Член 58

Претпријатието е должно редовно, навремено, целосно и вистинито да ги информира вработените за сите прашања кои се битни за работата и развојот на Претпријатието како и за остварување на нивните права.
Работниците на Претпријатието се информираат преку огласна табла и други средства за информирање.

## XII. ОБВРСКИ ЗА ЧУВАЊЕ НА ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 59

За деловна тајна се сметаат исправите и податоците утврдени со Закон и акт на Претпријатието чие што соопштување, давање на увид или нестручно презентирање на неовластени лица би му штетело на интересите и деловниот углед на Претпријатието.
Исправите и податоците кои се сметаат за деловна тајна, може на друго лице под утврдени услови да ги соопштува само Директорот на Претпријатието, а одредени видови на исправи - податоци и лица одредени со акт на Претпријатието со кој поблиску се уредува деловната тајна.
Како деловна тајна не може да се сметаат исправите и податоците кои по Закон се сметаат за јавни.
Деловната тајна се должни да ја чуваат сите вработени во Претпријатието кои на било кој начин дознаваат за исправите или податокот кој се смета за деловна тајна.
Неовластеното изнесување на податоците и исправите кои се деловна тајна на неовластени лица е потешка повреда на работните обврски.
Обврската за чување на деловната тајна трае и по престанокот на работниот однос.

XIII. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 60

Претпријатието е должно да во вршењето на својата дејност ги обезбеди потребните услови за заштита и унапредување на животната средина и да ги спречи причините и ги отстрани последиците кои ја загрозуваат животната средина.
Секој е должен при преземањето активности или при вршењето дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.
Со цел за заштита и унапредување на животната средина во која Претпријатието ги обавува своите дејности, Управниот одбор на Претпријатието донесува програма, соодветни одлуки и други акти и превзема мерки, обезбедува средства за таа намена, а по потреба формира органи и задолжува поединци кои се се грижат за спроведување на програмите, одлуките и мерките, а сето тоа во согласност со Законот за заштита и унапредување на животната средина и природа.

XIV.ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 61

Во случај на нарушување на работењето, односно вршењето на дејноста на Претпријатието или ако Претпријатието не ги извршува со закон утврдените обврски, а што не е последица на неизвршувањето на обврските од страна на основачот утврдени со актот за основање, основачот може да превземе мерки со кои се обезбедуваат услови за непречено работење на Претпријатието.

Член 62

Нарушувањето на работењето на Претпријатието во смисла на овој закон се смета дека настапило:

1. Ако со начинот на работење на Претпријатието не се обезбедува трајно и непречено вршење на производството и прометот на определени производи и пружање на услуги, или остварувањето на планот за развој, на начин утврден со закон, со што се нанесува штета или може да се нанесе штета на корисниците;
2. Ако со располагање на средствата се менува основната намена на средствата, се менуваат и основните услови за работење на Претпријатието утврдени во согласност со Законот, заради остварување на јавниот интерес на Претпријатието, со што суштествено се отежнува вршењето на неговата дејност утврдена со актот за основање и
3. Во други случаи утврдени со закон.

Член 63

Во случаите од претходниот член на овој Статут, спрема Претпријатието, основачот може да ги превземе следниве мерки:

1. Да го разреши управниот одбор;
2. Да го разреши одборот за контрола;
3. Да ја промени организацијата на Претпријатието;
4. Да го запре од извршување актот на Претпријатието кој е спротивен на законот;
5. Да го запре од извршување актот на Претпријатието ако го доведува во прашање остварувањето на основните функции на Претпријатието и
6. Други мерки утврдени со посебниот закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на одделна дејност од јавен интерес.

## XV.ПРАВО НА СИНДИКАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО ПРЕТППРИЈАТИЕТО

### Член 64

Вработените во Претпријатието, заради остварување на своите економски и социјални права имаат право, по свој слободен избор, да основаат синдикат и во него да се зачленуваат, под услови и постапка утврдени со Законот, Статутот и Правилата на тој Синдикат.
Работникот слободно одлучува за своето стапување и истапување од синдикатот.
Активноста на синдикатот и неговиот претставник не може де се ограничува со акт на работодавачот ако тоа е во согласност со закон и колективен договор.
Синдикатот самостојно одлучува за начинот на нивното застапување кај работодавачот.
Синдикалните претставници имаат право кај работодавачот да ги штитат и промовираат правата и интересите на членовите на синдикатот.
Работодавачот е должен на најрепрезентативниот синдикат да му обезбеди просторни услови вршење на дејноста.
Работникот не смее да биде ставен во понеповолна положба од другите работници поради членството во синдикатот.

## XVI. ПРАВО НА ШТРАЈК ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### Член 65

Работниците во Претпријатието имаат право на штрајк организиран во согласност со Устав, Закон и Колективен договор.
При остварување на правото на штрајк, вработените се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на Претпријатието ,неопходно ниво на процес на работата и остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.
Директорот на Претпријатието, согласно Закон и Колективен договор, со акт го определува начинот на извршувањето на надлежностите, односно дејноста на Претпријатието за време на штрајк, бројот на вработените кои ќе ги извршуваат надлежностите за време на штрајк, како и начинот на обезбедување услови за правото на штрајк.

Член 66

Штрајкот го води и организира Синдикатот на работниците, односно штрајкувачкиот одбор.
Штрајкувачкиот одбор и работниците кои учествуваат во штрајкот се должни штрајкот да го организираат и водат на начин и да превземат мерки со кои ќе се обезбеди физичка сигурност на вработените и заштита на опремата на инсталациите, како и извршување на обврските спрема граѓаните, правните лица и државните органи.

## XVII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 67

Овој Статут го донесува Управниот одбор на Претпријатието.
Статутот се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Сите општи акти во Претпријатието ќе се усогласат во рок од 3 месеци од стапувањето во сила на Статутот.

Член 68

Овој Статут влегува во сила и ќе се применува осмиот ден од добивање согласност од Основачот.
Со влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот бр.02-9/1-3 од 09.06.2004 година, со сите измени и дополнувања (Статутарни одлуки бр.02-67/1-4 од 28.02.2005 година, бр.02-249/1-2 од 24.05.2006 година, бр.02-580/1-4 од 24.11.2006 година, бр.02-766/1 од 24.12.2009 година).

ЈКП,,Водовод и канализација,,Прилеп
Претседател на Управен одбор

Никола Габроски